## СОЦИОЛОШКА ЛАБОРАТОРИЈА

**Александар ВАСИЛЕВСКИ***
**дипломиран социолог**

# ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЕМИГРАЦИОНОТО ПОДРАЧЈЕ БИТОЛА - РЕСЕН

## – резултати од емпириско истражување –

### Апстракт

Ресен и Битола се емиграциони подрачја со највисока стапка во Република Македонија. Со цел да се испитаат можностите за вработување на повратниците од странство направена е една анкета со 400 испитаници од овие подрачја. Накусо, анкетата ги даде следниве резултати:

– Повратните текови од странство, пред сé, зависат од реалните можности за вработување во земјата.

– Поголем број од повратниците се неквалификувани и од село, а сакаат да се вработат во градот, на добро платени работни места.

– Не се потценува земјоделието, туку не се прифаќа досегашниот начин на стопанисување на индивидуалното земјоделство.

– Постои тенденција да се одржи континуитетот на достигнатиот стандард.

### Вовед

Потврден факт е дека после Втората светска војна (а посебно после 60-тите години) селото и земјоделството во Македонија, најблаго речено, беа запоставени. Всушност, не постоеше конзистентна и ефикасна државна политика за развој на селото и земјоделството. Резултатите од таквата политика се добро познати:

---

* Александар Василевски (1960-1992), дипломиран социолог од Битола. Дипломира во 1984 година на Филозофскиот факултет во Скопје - ННСГ за социологија, со просечна оценка 8,34.

Трудов е само еден дел од пообемно истражување што го извршил авторот во периодот од 1982–1984 година. Трудот за печат го подготви Златко Жоглев и во него се направени само неопходните терминолошки промени. Го објавуваме во сеќавање на колегата.

огромна депопулација на селата, нивна сенилизација и феминизација, како и една огромна деаграризација, од една страна, и енормна урбанизација и зголемување на населението во градовите, со зголемување на невработеноста, комуналните и други проблеми. Сето тоа е во тесна врска со претходно наведените негативни процеси поврзани со деаграризацијата и деполулацијата на селата.

Но, во последните години со зголемувањето на кризата и проблемите на невработеноста (а исто така и заради тоа што се изградени доста асфалтни патишта до многу селски населби, извршената електрификација на селата и изградени се водоводи) се забележува една тенденција (навистина релативно бавна и не многу интензивна) на реаграризација на оние делови од македонските простори, каде што претходно имаше исклучително негативни процеси за селото и земјоделството. Сето тоа доведе до развој на сознанието дека треба нешто посериозно да се направи за земјоделството и селото.

Во тој контекст е и појавата на одредени истражувања (економски и социолошки, пред сѐ) кои треба да помогнат полесно и побрзо да се надминат некои од понапред наведените негативни процеси. Со ваква основна цел е извршено и истражување на потенцијалните можности за вработување во битолско-преспанскиот регион, кој е познат по силните емиграции (претежно на селското население) во странство.

## 1. Некои основни социо-економски и демографски карактеристики на општините Битола и Ресен

Просекот на пораст на населението во Битола (153%) и Ресен (112,9%) од 1948 до 1981 година, е помал од оној на Република Македонија (166%).

Пораст на бројот на домаќинствата: Република Македонија (199), Битола (173,4), Ресен (129,5).

Ресенска општина е една од најмалку населените во Република Македонија - 35 жители на 1 км квадратен.

Во рангот на општини по вкупна површина на изградени станови на (1000 жители), битолска општина е на 20 место, а ресенската на 15 место (податоци од 1981).

Во рангот на општините по природен прираст (на 1000 жители, во периодот 1966-1978) битолска општина е на 28 место, а Ресен на 30 место - последно место во Република Македонија.

Каква е невработеноста во општините Битола и Ресен попрегледно може да се погледне во следната табела.

| Ресен | | Битола | |
|---|---|---|---|
| стопанство | нестопанство | стопанство | нестопанство |
| 20 | 18 | 12 | 8 |

*Табела бр. 1* – Ранг на општините Битола и Ресен според невработеноста

Според општествениот производ во индустријата Ресен е на 26-то место, а Битола на 13-то место во Република Македонија.

Во последните 10 години од селата во Битола се доселени (и природен прираст) 15.797 нови жители (така во 1974 година градот Битола имал 65.035 ж., а во 1981 год. – 80.832 жители.

Шест села во битолско-преспанскиот регион се потполно иселени без ниту еден жител (Балдовенци, Голеш, Горно Егри, Ново Село и Снегово – во битолска општина, како и Петрино – во ресенско).

Други 15 (петнаесет) села се со само 5–6 старечки домаќинства. Такви села во битолско се: Полог, Поешево, Гнилешт, Груништа, Брник, Белесело, Старо Змирнево, Арматуш, г. Чарлија, Ивени и др.). Во Преспа такви се: Илино, Отешево, Стипона, Прељубје, Коњско и др.).

Од 1971 година бројот на жителите е намален за скоро повеќе од половина во 11 населени места. Попрегледно тоа е дадено на табелата што следува:

| Населено место<br>а) битолско | 1971 | 1981 | постојани жители % |
|---|---|---|---|
| Орле | 206 | 87 | 42,2 |
| Будимирци | 396 | 188 | 47,5 |
| Зовиќ | 317 | 151 | 47,6 |
| Старавина | 405 | 217 | 53,7 |
| Сливица | 263 | 142 | 54,0 |
| Врањевци | 254 | 154 | 60,6 |
| Барешани | 451 | 298 | 66,1 |
| Ѓавато | 829 | 523 | 63,1 |
| Метимир | 128 | 87 | 68,0 |
| б) ресенско | 1971 | 1989 | % |
| Кривени | 302 | 151 | 60,0 |
| Лесково | 160 | 88 | 55,0 |

*Табела бр. 2* – Број на жители според населени места (1971, 1981)

Всушност 77 села во овие две општини се наоѓаат во процес на интензивна депопулација.

Преку 190 села во Република Македонија (32 во битолско и Преспа) се на пат наскоро да останат само топоними на некогашните населени места, а земјата да остане запуштена.

Во 1981 година во битолско има 64.060 ха обработлива и 14.503 ха необработлива површина.

Преку 19.320 ха во битолско-преспанскиот регион се необработени површини (повеќето во ридско-планинските подрачја). Постои само по еден дисперзиран индустриски центар во двете општини: с. Цапари и с. Стење.

Учеството на вработените во странство и на членовите на нивните семејства во 1981 година, во вкупното население на Р. Македонија изнесува 5,57% во Битола – 22,82% и во Ресен – 31,16%. Значи, секој трет жител на ресенска општина и секој четврт жител на битолска општина се наоѓа во странство.

Ако еден работник мигрант издржува просечно 3 лица, тоа би можело да значи дека 60.870 жители на битолско-преспанскиот регион црпат средства за издржување од 20.290 работници мигранти од овој крај. Секој втор жител е издржуван. Дури 40% од анкетираните изјавиле дека издржуваат 4 и повеќе лица.

## 2. Некои резултати од анкетата со повратниците од странство во општините Битола и Ресен

### *2.1. Причини за заминување во странство*

Со анкетата беа опфатени 400 испитаници. Едно од прашањата што им беше поставено на испитаниците беше: "Зошто (од кои причини) заминавте во странство"?

70% од анкетираните заминале во странство поради поголема заработувачка. 10% ги повикале роднините. 5% за печалба (купување на стан, изградба на куќа). 0,3% за отворање работилница, кафеана, ресторан и сл.

### *2.2. Социодемографски карактеристики на повратниците во општините Битола и Ресен*

Постои расчекор меѓу потребните профили и квалификациите што ги поседуваат ремигрантите.

Според старосната структура анкетираните ја имаат следната дистрибуција:

| ВОЗРАСТ (во години) | (%) |
|---|---|
| преку 35 | 50% |
| 31 - 35 | 25% |
| 26 - 30 | 20% |
| 21 - 25 | 5% |

*Табела бр. 3* – Возрасна структура на испитаниците

Учеството на земјоделците од 34% пред одење во странство, опаѓа на 25%. Бројот на КВ и ВКВ расте од 15% на 23%. Притоа, значајно е дека 8% од земјоделците се стекнале со некоја квалификација во странство, а само 1% станале стручњаци (техничари, инженери).

Понапред наведените податоци покажуваат дека трансформацијата на професионалната структура се одвива(ла) многу бавно.

– 75% од повратниците пред одење во странство живееле на село.

– во текот на престојот во странство 84% од повратниците живееле во град, 15% во мешовити населби и само 1% на село.

– по враќањето од странство 70% од повратниците живееле на село, а 30% во град.

Повеќето од вкупно 400 анкетирани повратници (53, 8%) немале земја (обработлива).

## 3. Потенцијални можности за вработување во емиграционите подрачја Битола и Ресен

*ПРЕДЛОГ МЕРКИ*

Кредитирањето на самостојните дејности е клучен фактор за успешно остварување на политиката на развојот.

Предлог на мерки и активности за да се искористат оптимално потенцијалните можности за вработување во емиграционото подрачје Битола и Ресен:

– да се формира специјализиран фонд за краткорочно финансирање на самостојните дејности;

– порационалното искористување на капацитетите (на пример, со воведување на повеќе смени);

– секој втор од анкетираните е готов да вложи средства во одредена работна активност (бизнис):

– кај анкетираните е забележан најмал интерес за земјоделие, сточарство, живинарство, овчарство, па затоа се предлага да се создадат постимулативни услови (во смисла на добивка) за оние кои ќе вложуваат во овие области;

– како неопходна се наметнува потребата од кадровска проекција во Заводот за вработување за навремена доквалификација на ремигрантите;

– се предлага воведување на делумно работно време 5-6 часа, со што би бил апсорбиран еден дел од невработените ремигранти;

– укинување, т.е. сведување на најнеопходна (нужна) мерка на дополнителниот труд (прекувремениот труд да се дозволи само во дејности каде се јавува дефицит на потребни кадри);

– да се изработи покомплексно истражување и да се преземат соодветни мерки и активности за развој на работата во домашни услови т.н. home work (на пр. изработка на сувенири, народни фолклорни предмети и носии, рачни работи и сл.);

– да се изработат конкретни програми за користење на отпадните материјали;

– со мерки на даночната политика да се стимулираат самите занаетчии во изградбата на деловниот простор и во проширување на капацитетите;

– да се упрости максимално процедурата за отворање приватен бизнис (бројот на дозволите да се сведе на минимум и нивното добивање максимално да се забрза, по можност поднесувачот на барање што помалку да биде ангажиран во тоа, а сите административни работи да ги вршат државните административни органи и служби.